# У П А Т С Т В О

**За начинот на пополнување на образецот „ Извештај за следење, оценување и планирање на превентивната здравствена заштита на работниците“**

1. Извештајниот образец се наоѓа на интернет страницата на ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ

2. Симнете го и сочувајте како посебен фајл на екранот или во посебно креиран фолдер за таа намена

3. Кога ке отпочнете да го пополнувате образецот, во секое поле ќе има маркиран простор во кој треба да ги внесете бараните бројки

4. Кога ќе го пополните образецот, во горниот десен агол ќе видите дека постојат две опции: ПРАТИ НА E-mail   и ПРИНТАЈ

5. Ако сакате да го испратите извештајот директно, без претходно да го печатите, на Вашиот компјутер требате да ја имате инсталирано е-маил апликацијата OUTLOOK

6. Доколку ја имате оваа апликација (во било која нејзина верзија), притиснете го копчето ПРАТИ НА E-mail. При тоа автоматски се генерира порака во која извештајот како xml-фајл се наоѓа закачен во attachment. Пораката е автоматски адресирана кон нас (medicinanatrud@iph.mk ) и Вие треба само да го притиснете копчето SEND. Во наредните неколку денови ќе добиете е-маил порака, со која ние ќе го конфирмираме приемот на Вашиот извештај

7. Доколку немате OUTLOOK апликација или не сакате да ја користите претходно опишаната постапка, можете да го притиснете копчето ПРИНТАЈ и да го испечатите извештајот на Вашиот печатар. Потоа, извештајот можете да го скенирате и да го испратите закачен  на Ваша е-маил порака како attachment,  на следната приемна адреса: medicinanatrud@iph.mk . Во наредните неколку денови ќе добиете е-маил порака, со која ние ќе го конфирмираме приемот на Вашиот извештај.

8. Доколку сметате дека е за Вас посоодветно, можете печатениот извештај да го испратите по пошта, како препорачана пратка. Ве молиме побарајте ја ИСПРАТНИЦАТА која е поврзана со Вашата пратка и го потврдува приемот на извештајот од наша страна.